АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16.05.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2492 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по претставка бр. 03-2382/1 од 08.05.2017

2. **Субјект на надзорот:** програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 април 2017 година, издание на актуелно-информативната емисија „24 Анализа“ (20:48:48 – 22:00:35)

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 мај 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Во претставката бр. 03-2382/1 од 08.05.2017 се наведува дека во емисијата „24 Анализа - Излез од кризата или политички маркетинг“ емитувана на 04.04.2017 година, на ТВ 24 Вести, бил прекршен „член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во делот за непристрасно прикажување на настаните и во исполнувањето на професионалните стандарди“. Подносителот на претставката смета дека „новинарот Мишко Иванов во текот на емисијата полемизира и го напаѓа гостинот Ацо Станковски, додека не реагира на навредите искажани од гостинот Мирослав Грчев. Новинарот заедно со гостинот Грчев дебатира против гостинот Станковски и зазема страна во дискусијата“. Понатаму, поднесувачот на претставката вели дека „новинарот покажа политичка пристрасност и непочитување на професионалните стандарди“. Подносителот како неприкладни ги наведува следните изјави на професорот Мирослав Грчев: за претседателот Ѓорге Иванов „овој инвалиден претседател“, „тој е претседател, а воедно и криминалец“; „за ВМРО во својот код го има фашизмот“, како и формулациите „малоумен манифест“ и „да се посере на гробот“.

Изданието на актуелно-информативната емисија „24 Анализа“ емитувано на ТВ 24 Вести на 04.04.2017 година, е жанровски реализирано како дебата со гостите Александар Станковски, сликар и Мирослав Грчев, универзитетски професор. Дебатите подразбираат спротивставување на две или повеќе различни гледишта на одредена тема, со посредство на новинар/водител, кој на сите учесници им

отстапува доволно простор да се искажат. Во дебатните емисии, новинарите/водителите поставуваат и предизвикувачки прашања кон учесниците, за да се добијат повеќе сознанија за ставовите, постапките или намерите на гостите.

Во конкретната емисија, двајцата гости имаат дијаметрално различни мислења и политички ставови. Она што е карактеристично за двајцата учесници во дебатата е честото користење на синоними и метафори при артикулацијата на политичките мисли. На таков начин, во емисијата се говори и за „мизерни слоеви" и „лузери" во опозицијата, за „силување на граѓански вредности" и слично.

И покрај тоа, дебатата се води на повисоко ниво, во кое нема меѓусебни навреди, во говорот на гостите има артикулација на филозофски термини и теории за аргументирање на нивните различни политички гледишта. Професорот Грчев, во еден момент вели: „Обично знам да употребувам и погрди и посилни зборови, меѓутоа се договоривме да ја одржиме дебатата без некакви зборови кои што можат да се сфатат како навреда".

Новинарот Мишко Иванов, настојува од гостите да испровоцира одговори на прашањата кои ги отвара во дебатата и притоа остава еднаков простор за изнесување на ставовите на двете спротивставени страни. Поставените прашања се релевантни и предизвикувачки, во контекст на моменталната политичка ситуација во земјата. Тој интервенира во говорите на двајцата учесници.

Во врска со употребата на зборот „фашизам" има дебата во која двајцата гости ги спротивставуваат своите ставови. Притоа Мирослав Грчев е ставен во ситуација да го објасни контекстот во кој го употребува тој термин и вели: *„Јас кога го употребувам зборот фашизам, не го употребувам како навреда, дури мислам дека употребата на поимот фашизам како навреда е ужасно погрешна. Затоа што со тоа се минимизира, се упропастува историската порака од огромната несреќа што тој покрет, фашистичкото движење во 20-тиот век ја донел. Значи, неа ја употребувам според стриктни дефиниции, политиколошки. Фашизам е движење, тоа е практично општество, политичко-државен систем во кој што државата е заробена од партијата на власт, државните институции стануваат органи на партијата, сите независни институции стануваат клиентелистички врзани и таа држава цели да го обедини народот, во така наречено органско, народно тело."*

Во врска со изјавата „да се посере на гробот" самиот Грчев, во својот говор образложува дека терминот е *„жестока метафора"*, употребена од хрватскиот новинар Виктор Иванчиќ, која што Грчев ја позајмил за некој свој текст: *„Јас пред некој ден пишував и се послужив со една метафора од Виктор Иванчиќ кој што го опишуваше однесувањето на хрватската Влада, којашто веќе со години, а во последниве година-две интензивно, ги слави сите фашистички личности, придобивки, дела и принципи на Независната Држава Хрватска во Втората светска војна. Значи, буквално врши историски ревизионизам во којшто таа најкрволочна, фашистичка творба на еден одреден начин, тивко се слави, преку дела, споменици, преку акти итн. Меѓутоа јавно, бидејќи се тие членка на ЕУ, јавно, таа иста Влада, оди на гробот, односно на спомен обележјето на жртвите на концентрациониот логор Јасеновац, и таму чествува. ... Виктор Иванчиќ ја употребува метафората „говно на гробот". Зошто? Вели, тоа е толку хипокритично да една таква, во суштина профашистичка влада, оди паралелно хипокритично, лицемерно да се поклони на жртвите на усташката НДХ, а ставила и не ја вади таблата, којашто усташките организации ја закачиле на самото гробје, којашто ги слави крвниците. Тоа, вика тој* (Иванчиќ, н.з.), *е толку вон памет, диспропорционално, асиметрично и воедно лицемерно злосторнички, да како свештеник кој го служи погребот наместо да го миросува и, да ја моли, со наведната глава во пиетет да му се моли на бога, да му ја подава душата на умрениот, тој да има*

*задача јавно да се посере на гробот“.* Водителот Мишко Иванов реагира во дадената ситуација и вели: *„Мора да објасниме дека се работи за метафора“.*

Александар Станковски, дебатирајќи на оваа тема, наведува дека фашизмот има повеќе аспекти - историски, антрополошки, социолошки дека е *„феномен кој има своја генеричност, пред сè би рекол не само во национализмот и во некои, да речеме романтизам, некој тип на навраќање на минатото, на славното минато нели, некој анахронистички романтизам, туку исто така, он е инспириран од највехементните модернисти, поточно од марксизмот, поточно од социјализмот, од болшевиците. Мусолини бил обожавател на Ленин и тоа што го правел, го правел во голема мерка учејќи од Болшевиците. Еден друг, лев тип на тоталитаризам, а потоа го применил на самото италијанско општество, кое било романтично, свртени кон некои мината... Но, во секој случај, да го споредите ова, една мала банана држава која е манипулирана од сите страни, која е толку сервилна во надворешната политика и која прави невидени отстапки, па дури еве и во Манифестот, би спомнал, тогаш е навистина нешто многу лично, многу емотивно. Гледам исто така тој* (Грчев, н.з.) *го доживува сето ова многу лично и емотивно, можеби едноставно е фиксиран на својата идеолошка матрица“.*

При вонредниот надзор беше земен предвид ставот на Европскиот суд за човекови права според кој заштитата на слободата на изразување, гарантирана во член 10 од Европската конвенција за човекови права „е применлив не само за 'информациите' или 'идеите' кои поволно се примаат или не се сметаат за навредливи или пак се сметаат за индиферентни, туку и за оние кои ја навредуваат, шокираат или ја вознемируваат државата или кој било дел од населението“[1]. Притоа беше констатирано дека со актуелно-информативната емисија „24 Анализа“ емитувана на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип на 4 април 2017 година, **не се прекршени програмските начела за вршење на дејноста од член 61.**

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

[1] European Court of Human Rights "Fact sheet – hate speech", март 2017, достапно на: http://www.echr.coe.int/Documents/FS_Hate_speech_ENG.pdf